# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ за

Потрошувачка на лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ во примарната здравствена заштита

# ЗА 2015 ГОДИНА

**Скопје, април 2016 година**

## СОДРЖИНА


ВОВЕД ..... 3

1. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФЗОМ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО 2015 ГОДИНА ..... 4

2. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ СПОРЕД СТАРОСНИ ГРУПИ НА ОСИГУРЕНИЦИ И ВИД НА ТЕРАПИЈА (А/Х/Н) ..... 9

3. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ВО 2015 ГОДИНА ПО ПОДРАЧНИ СЛУЖБИ ..... 10

4. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ ОД ПРИМАРНА ПОЗИТИВНА ЛИСТА ПО РЕГИОНИ, ПО БРОЈ НА РЕЦЕПТИ И ИЗНОСИ ВО 2015 ГОДИНА ..... 15

5. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ ВО 2015 ГОДИНА СПОРЕД АТС НИВО ..... 17

5.1 Потрошувачка на лекови на рецепт во 2015 година според АТС ниво I (прво ниво) ..... 17

5.2 Потрошувачка на лекови на рецепт во 2015 година според АТС ниво III (трето ниво) ..... 19

5.3 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТС ниво V (петто ниво) ..... 21

6. ТОП - 10 ЛЕКОВИ ПО ФЗО ПОДРАЧНИ СЛУЖБИ ВО 2015 ГОДИНА ..... 25

7. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ КОИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ БЕЗ ДОПЛАТА ОД ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО 2015 ГОДИНА ..... 27

8. ПОТРОШУВАЧКА НА СКАПИ ЛЕКОВИ НА РЕЦЕПТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ..... 29

9. ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТИРАНИ ОРГАНИ ПО ПРОГРАМА НА ВЛАДА НА РМ ..... 30

10. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ ПРОПИШАНИ ОД ЛЕКАРИ ВО ДЕЖУРНА СЛУЖБА ..... 31

11. ПОТРОШУВАЧКА НА ЛЕКОВИ ОД ГРУПАТА НА АНТИБИОТИЦИ И АНКСИОЛИТИЦИ ..... 34

12. ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ ..... 37

# ВОВЕД

Со Законот за здравствено осигурување е уредено здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Фондот за здравствено осигурување на Македонија се грижи за спроведувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување согласно законските прописи. Фондот е купувач на здравствени услуги во кои се вклучени и лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ (во понатамошниот текст Листа на лекови).

Листата на лекови содржи лекови наведени по нивните генерички имиња со одредена фармацевтска дозажна форма а се опфатени сите јачини на лекови кои се во промет согласно законските прописи. Листата се состои од: Листа А - Листа на лекови за примарна здравствена заштита (ПЗЗ) на која досега се ноаѓаат 465 генерики на лекови со форма и јачина и Листа Б - Листа на лекови за болничка здравствена заштита со 453 генерики на лекови со форма и јачина, или вкупно 918 генерики на лекови со одредена фармацевтска дозажна форма и јачина.

ФЗОМ согласно законските прописи утврдува референтни цени за лекови од Листата на лекови. Во 2015 година бројот на генерики со фармацевтска форма и јачина за кои ФЗОМ има утврдено референтна цена достигна 427 лекови за примарната здравствена заштита и 355 лекови за болничката здравствена заштита.

Бројот на готови лекови по заштитено име од различни производители за кои ФЗОМ има утврдена референтна цена достигна вкупно 1153 лекови за примарната здравствена заштита како лекови кои можат да се подигнат на рецепт на товар на ФЗОМ преку аптека и 740 лекови за примена во болничка здравствена заштита. Вкупно 1893 лекови во 2015 година имале утврдена референтна цена од Фондот или тоа се околу половината од вкупниот број регистрирани лекови во Република Македонија.

На примарно ниво на здравствената заштита, осигуреникот своето право за лек на рецепт на товар на ФЗОМ го остварува преку пропишан рецепт од страна на избран лекар согласно законските прописи. Избраниот лекар може да пропише лекови од Листата А и согласно условите пропишани со истата. Фондот обезбедува лекови на рецепт за осигурениците преку ПЗУ аптеките кои имаат склучен Договор со Фондот за регулирање на односите помеѓу Фондот за здравствено осигурување на Македонија и здравствената установа за начинот на плаќање на здравствените услуги со кои се врши обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита. Бројот на аптеки варира. Во 2015 година обезбедувањето на осигурениците со лекови од Листата на лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита се вршело преку достигнати 746 аптеки во првата половина на година, односно преку достигнати 772 аптеки со кои Фондот имал склучен Договор во втората половина од 2015 година.

На секундарно и терцијарно ниво на здравствената заштита снабдувањето со лекови од Листа А и Листа Б се извршува директно од страна на здравствените установи или Министерството за здравство на Република Македонија преку постапки за јавни набавки.

ПЗУ Аптеките кои имаат склучен договор со Фондот до надлежната подрачна служба на ФЗО, а вкупно се 30 подрачни служби на територија на Република Македонија, еднаш месечно доставуваат фактури за издадените лекови на рецепт од Листата А кои имаат референтна цена, во писмена и електронска форма заедно со пропратна документација согласно Договорот и

Техничкото упатство на Фондот за аптеките. Врз основа на податоците за издадени лекови на рецепт кои ФЗОМ ги добива од аптеките се прават анализи и се следи потрошувачката на лекови во изминатите 8 години.

Податоците покажуваат дека потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ бележи континуиран пораст, како во изминатите години, така и во 2015 година. Континуираниот раст на потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ се должи на зголемувањето на буџетот за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ, континураната (ре)дистрибуција на месечните износи – квотите на аптеките во зависност од потребите на осигурениците, односно искористеноста на квотите со достигнати 94% реализација во 2015 година, бројот на аптеки вклучени во Мрежата на здравствени установи на РМ (аптеки, рурални аптеки, аптекарски станици и подвижни аптеки), измените во Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, пропишувачките навики на лекарите, но и на навиката на пациентите да бараат да им се пропишат лекови и кога тие не им се реално потребни, односно непотребно складираат лекови и така натаму, заради што може да се каже дека нецелосно се почитуваат и применуваат принципите за рационална употреба на лекови дефинирани од страна на Светската здравствена организација (СЗО) во интерес на заштитата на здравјето на луѓето пред се', но и за заштита и наменско користење на ресурсите од здравствениот систем.

Рационалната употреба на лекови подразбира пациентите да добиваат лекови соодветно на нивните клинички потреби, во дози кои ги исполнуваат нивните индивидуални барања за соодветен временски период и по најниска цена за нив и нивната заедница.

Врз спроведувањето на рационалната употреба на лекови влијаат сите учесници во ланецот на лекување: лекарот, фармацевтот, пациентот/осигурникот и снабдувачите на лекови, производителите, добавувачите, дистрибутерите, здравствените власти. Информираноста за употребата на лекови и на здравствените работници и на осигурениците е од клучно значење и заради намалување на морбидитетот и морталитетот од заразни и незаразни болести, но и за намалување на трошоците за лекови. Рационалната употреба на лекови треба да се постигне на сите нивоа на здравствениот систем, во јавниот и приватниот сектор.

Овој извештај е изготвен врз основа на податоци добиени на ден 25.01.2016 година од информатичкиот сиситем на ФЗОМ.

Со електронските контроли на доставената документација/фајловите за реализираните рецепти за лекови на товар на ФЗОМ од аптеките до Фондот, 0,05% од вкупниот број на рецепти се детектирани за невалидни, додека по мануелната контрола процентот на невалидни рецепти досега изнесува 0,096% или вкупно за невалидни рецепти во 2015 година со контролите се детектирани 30.917 рецепти или 0,146% од вкупниот број реализирани рецепти за лекови на товар на ФЗОМ.

## 1. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита во 2015 година

Потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ за периодот од 2008 до 2015 година е прикажана во Табела 1, од каде може да се види континуираниот раст на бројот на реализирани рецепти и пораст на вкупниот износ одвоен за лекови на товар на ФЗОМ по години во примарната здравствена заштита.

Табела 1. Приказ на број на реализирани рецепти и вкупни износи (денари) за период 2008-2015 година

| Година | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на реализирани рецепти | 10.288.509 | 14.965.727 | 15.277.792 | 16.332.551 | 17.485.146 | 17.822.132 | 19.385.458 | 21.129.626 |
| Вкупен износ (ден.) | 1.319.484.643 | 1.829.110.673 | 1.778.028.785 | 1.902.841.544 | 1.993.189.875 | 2.123.979.166 | 2.263.253.158 | 2.425.655.134 |

Како што се гледа од Табелата 1, во 2015 година износот за лекови на рецепт е 2.425.655.134 денари за реализирани 21.129.626 рецепти со партиципација од осигурениците во износ од 359.760.282 денари (14,8%).

Зголемената потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот го следи и светскиот тренд за зголемена консумација/потрошувачка на лекови.

Порастот на потрошувачката е прикажан во Графиконите 1 и 2, од каде се гледа дека за периодот 2008-2015 година бројот на реализирани рецепти е зголемен двојно односно за околу 105,5%, а вкупниот износ за лекови издадени на рецепт во аптеките е зголемен за околу 83,9%.

Графикон 1. Приказ на порастот на бројот на реализирани рецепти за лекови во ПЗЗ (%), 2008 – 2015 година




Графикон 2. Приказ на порастот на вкупниот износ за лекови во ПЗЗ (%),2008 – 2015 година




Во Табелата 2 се прикажани бројот на реализирани рецепти и вкупните износи за лековите според Анатомско-Терапевтско-Хемиска класификација (АТС) на лекови според СЗО.

По АТС прво ниво на лековите, за периодот 2013-2015 година се забележува континуиран пораст на бројот на реализирани рецепти за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарна здравствена заштита, освен за лекови од АТС групата P (антипаразитни лекови) каде има намалување од околу 6% помалку рецепти во однос на 2014 година и кај лекови од АТС групата L (антинеопластичните и имуномодулаторни лекови) каде се бележи намалување од околу 3%.

Табела 2. Број на реализирани рецепти и вкупни износи за лекови, АТС прво ниво, 2013 – 2015 година

| АТС група на лекови | | 2013 година | 2014 година | 2015 година | Индекс 2013/2014 | Индекс 2014/2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **A** | Број на рецепти | 2.252.032 | 2.412.332 | 2.685.245 | **1,07** | **1,11** |
| **Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот** | Вкупен износ (денари) | 200.651.427 | 200.667.129 | 221.867.789 | 1,00 | **1,11** |
| **B** | Број на рецепти | 194.360 | 223.435 | 297.196 | 1,15 | **1,33** |
| **Лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи** | Вкупен износ (денари) | 17.128.440 | 20.083.388 | 34.997.903 | 1,17 | **1,74** |
| **C** | Број на рецепти | 7.790.143 | 8.496.858 | 9.224.103 | 1,09 | **1,09** |
| **Лекови кои делуваат на срце и крвни садови** | Вкупен износ (денари) | 574.581.234 | 635.321.585 | 672.825.866 | 1,11 | **1,06** |
| **D** | Број на рецепти | 196.271 | 222.309 | 237.026 | 1,13 | **1,07** |
| **Дерматолошки лекови** | Вкупен износ (денари) | 21.089.240 | 24.793.766 | 26.522.703 | 1,18 | **1,07** |
| **G** | Број на рецепти | 543.317 | 606.056 | 658.010 | 1,12 | **1,09** |
| **Лекови кои делуваат на генитоуринарен тракт и полови хормони** | Вкупен износ (денари) | 146.722.584 | 168.962.294 | 187.693.893 | 1,15 | **1,11** |
| **H** | Број на рецепти | 249.334 | 270.383 | 291.225 | 1,08 | **1,08** |
| **Лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и инсулин** | Вкупен износ (денари) | 29.366.870 | 31.428.388 | 31.996.759 | 1,07 | **1,02** |
| **J** | Број на рецепти | 1.781.858 | 1.927.216 | 1.936.553 | 1,08 | **1,00** |
| **Антиинфективни лекови за системска употреба** | Вкупен износ (денари) | 310.860.286 | 318.485.359 | 306.269.428 | 1,02 | **0,96** |
| **L** | Број на рецепти | 56.042 | 56.564 | 54.657 | 1,01 | **0,97** |
| **Антинеопластични и имуномодулаторни лекови** | Вкупен износ (денари) | 39.675.973,10 | 38.172.435,61 | 39.877.531 | 0,96 | **1,04** |
| **M** | Број на рецепти | 946.738 | 979.109 | 1.056.123 | 1,03 | **1,08** |
| **Лекови со дејство на коскено мускулен систем** | Вкупен износ (денари) | 94.581.533,50 | 101.764.942,27 | 110.653.849 | 1,08 | **1,09** |
| **N** | Број на рецепти | 2.585.743 | 2.847.133 | 3.249.887 | 1,10 | **1,14** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Лекови со дејство на ЦНС** | Вкупен износ (денари) | 365.853.325 | 346.867.441 | 365.161.631 | 0,95 | **1,05** |
| **P** | Број на рецепти | 26.138 | 25.876 | 24.212 | 0,99 | **0,94** |
| **Лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити** | Вкупен износ (денари) | 2.145.454 | 2.056.796 | 2.040.891 | 0,96 | **0,99** |
| **R** | Број на рецепти | 875.567 | 963.107 | 1.031.887 | 1,10 | **1,07** |
| **Лекови за третман на болести на респираторен систем** | Вкупен износ (денари) | 266.023.372 | 313.121.384 | 358.901.015 | 1,18 | **1,15** |
| **S** | Број на рецепти | 323.983 | 354.043 | 379.207 | 1,09 | **1,07** |
| **Лекови кои делуваат на сензорни органи** | Вкупен износ (денари) | 55.153.952 | 61.302.464 | 65.937.849 | 1,11 | **1,08** |
| **V** | Број на рецепти | 606 | 1.037 | 4.295 | 1,71 | **4,14** |
| **Останати лекови** | Вкупен износ (денари) | 145.474,50 | 225.785,77 | 908.027 | 1,55 | **4,02** |
| | **Вкупно рецепти** | **17.822.132** | **19.385.458** | **21.129.626** | **1,09** | **1,09** |
| | **Вкупен износ (денари)** | **2.123.979.166** | **2.263.253.158** | **2.425.655.134** | **1,07** | **1,07** |

Вкупните износи за лекови на рецепт на товар на Фондот за здравствено осигурување во примарна здравствена заштита бележат зголемување, пропорционално со бројот на реализирани рецепти за лекови на товар на ФЗОМ.

Само кај две од четиринаесетте АТС групи на лекови се забележува намалување на вкупите износи, односно за лековите од АТС групата Ј (антиинфективни лекови за системска употреба) намалувањето во износите е околу 4% и кај АТС групата Р намалувањето е од околу 1% во однос на претходната 2014 година.

Графикон 3.  Број на реализирани рецепти во ПЗЗ, 2011-2015 година



Во Графиконот 3 даден е приказ на потрошувачката на лекови на АТС прво ниво во последните пет години (2011 – 2015 година) од каде може да се забележи дека најголемиот број рецепти се однесуваат на лекови од АТС групата **C** – лекови за кардиоваскуларниот систем. За оваа група на лекови од година во година расте бројот на реализирани рецепти и тие се секогаш први по потрошувачка, што е и светски тренд. Во 2015 година се реализирани околу 9,2 милиони рецепти за лековите од оваа група што претставува зголемување од околу 8,5% во однос на 2014 година и околу 36,5% зголемување во однос на 2011 година. Учеството на оваа група во вкупниот број на реализирани рецепти е речиси непроменет во однос на претходната година и изнесува околу 43,7%.

Втора по бројот на реализирани рецепти е групата на лекови со дејство на централниот нервен систем (АТС група **N** – лекови за нервен систем). Кај оваа група се реализирани 3,25 милиони рецепти и се бележи зголемување од околу 14% во однос на 2014 година.

На трето место според бројот на реализирани рецепти се лековите од АТС групата А - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот со 2,685 милиони реализирани рецепти што е за 11% повеќе од претходната година.

Лековите од АТС групата **J** – антиинфективни лекови, исто како и во претходните години се на четвртото место според бројот на реализирани рецепти со 1,936 милиони рецепти, а во однос на 2014 година има незначително зголемувањето на бројот на реализирани рецепти од околу 0,5%.

Графикон 4. Вкупни износи за лекови на рецепт во ПЗЗ, 2011-2015 година




Од Графиконот 4 се забележува дека во 2015 година најголеми износи се издвоени за лековите од АТС групите: C–лекови за кардиоваскуларни болести, N-лекови за ЦНС и R-лекови за респираторни болести, за разлика од 2014 година кога на трето место според вкупните издвоени износи за лекови на рецепт беа лековите од АТС групата J (во 2015 година се на четврто место).

Во 2015 година, за лековите од АТС C групата се издвоени приближно 673 милиони денари што претставува 27,7% од вкупно издвоените средства за лекови за оваа година, за лековите за ЦНС се издвоени 365 милиони денари или околу 15% од вкупните средства за оваа година, а за лекови за третман на болести на респираторен систем во 2015 година се издвоени приближно 359 милиони денари или околу 14,8%. Вкупно за овие три групи на лекови Фондот потрошил околу 1,397 милијарда денари или 57,5% од буџетот за лекови на рецепт.

## 2. Потрошувачка на лекови според старосни групи на осигуреници и *вид на терапија (А/Х/Н)*

Од вкупно реализираните 21.129.626 рецепти за лекови од примарната позитивна листа во 2015 година за хронични заболувања се околу 86,2% од вкупниот број на рецепти, за акутни заболувања биле реализирани околу 13,6%, а за лекови од групата на наркотици и опијати се 0,2% од реализираните рецепти во 2015 година.

Вкупниот износ кој ФЗОМ го издвоил за лекови на рецепт за 2015 година изнесува 2.425.655.134 денари, од кој за лекови за хронични заболувања се околу 83,62%, за акутни заболувања се околу 16,23%, додека за наркотици и опијати отпаѓаат околу 0,15%.

Учеството во потрошувачката на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во примарна позитивна листа за 2015 година по старосни групи е прикажана во Табелата 3.

Табела 3. Преглед на потрошувачка на лекови по број на рецепти и вкупен износ по старосни групи изразен во проценти

| Вид на рецепт/староснa група | Процент од вкупен број на | Процент од вкупен износ на терет на |
|---|---|---|
| **Наркотика и опијати** | **0,20%** | **0,14%** |
| Од 0 до 6 години | 0,00% | 0,00% |
| Од 6 до 18 години | 0,00% | 0,00% |
| Од 18 до 34 години | 0,02% | 0,02% |
| Од 34 до 65 години | 0,11% | 0,08% |
| постари од 65 години | 0,06% | 0,04% |
| **Акутна терапија** | **13,62%** | **16,24%** |
| Од 0 до 6 години | 2,71% | 2,81% |
| Од 6 до 18 години | 1,98% | 2,22% |
| Од 18 до 34 години | 1,87% | 2,45% |
| Од 34 до 65 години | 4,95% | 6,18% |
| постари од 65 години | 2,11% | 2,58% |
| **Хронична терапија** | **86,18%** | **83,62%** |
| Од 0 до 6 години | 0,38% | 0,58% |
| Од 6 до 18 години | 0,51% | 1,22% |
| Од 18 до 34 години | 2,13% | 3,67% |
| Од 34 до 65 години | 40,04% | 38,44% |
| постари од 65 години | **43,12%** | 39,70% |

Од Табелата 3 се забележува дека за лекови за хронични заболувања најмногу рецепти се реализирани за осигуреници постари од 65 години со околу 43,12% или 9,1 милиони рецепти и за осигуреници на возраст од 34 - 65 години со околу 40,04% од вкупниот број на рецепти за 2015 година или 8,4 милиони рецепти, а и генерално за овие две возрасни групи на осигуреници се реализирани најмногу рецепти. За лековите за акутни заболувања најмногу рецепти се

реализирани за осигуреници на возраст од 34 до 65 години со околу 4,95% од вкупниот број на рецепти со 1,05 милиони рецепти. И за лековите од групата на наркотика и опијати најмногу рецепти се реализирани за осигуреници на возраст од 34 до 65 години со околу 0,11% од вкупниот број на рецепти со околу 23 илјади рецепти.

Вкупниот износ одвоен за лекови по старосни групи го следи трендот на бројот на реализирани рецепти по старосни групи, односно за лекови за хронични заболувања најголем износ е издвоен за осигуреници постари од 65 години со околу 39,70% или 962,6 милиони денари и за осигуреници на возраст од 34 до 65 години со околу 38,44% од вкупниот износ за лекови за 2015 година со 932,2 милиони денари. Вкупно, околу 78,1% од износите се однесуваат на лекови за хронична терапија на пациенти постари од 34 години со околу 1,9 милијарда денари. За осигуреници на возраст од 34 до 65 години, најмногу средства 6,18% од вкупните износи се одвоени за лековите за акутни заболувања со 149,9 милиони денари, односно 0,08% од вкупниот износ за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ за лековите од групата на наркотика и опијати со 2 милиони денари.

## 3. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на Фондот во 2015 година по подрачни служби

Потрошувачката на лекови најдобро може да се види и спореди преку параметарот за користење лекови по број на дефинирани дневни дози (ДДД) на 1000 осигуреници на ден, со оглед на тоа дека готовите лекови имаат различни дози (јачини, пр. 10 или 20мг) и различни пакувања (со 10 или 20 таблети во пакување).

Во Табелата 4 е даден преглед на бројот на реализирани рецепти за лекови по подрачни служби на Фондот и по број на дефинирани дневни дози на лек на 1000 осигуреници на ден (ДДД/1000 осигуреници/ден) и споредба на просечниот број на рецепти по осигуреник за 2014/2015 година.

Табела 4. Потрошувачка на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ по подрачни служби, 2014-2015 година

| Реден број | ФЗО Подрачна служба | Вкупен број на рецепти 2014 година | Вкупен број на рецепти 2015 година | ДДД/1000 осиг./Ден 2014 година | ДДД/1000 осиг./Ден 2015 година | Број на осигуреници (2014) | Број на осигуреници (2015) | Просечен број на рецепти по осигуреник 2014 г. | Просечен број на рецепти по осигуреник 2015г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 244.816 | 251.273 | 856 | 910 | 14.971 | 15.081 | 16 | 17 |
| 2 | Битола | 1.155.591 | 1.260.285 | 594 | 667 | 92.885 | 93.168 | 12 | 14 |
| 3 | Брод | 74.493 | 81.187 | 486 | 544 | 7.562 | 7.569 | 10 | 11 |
| 4 | Валандово | 121.726 | 132.279 | 621 | 696 | 9.727 | 9.761 | 13 | 14 |
| 5 | Виница | 181.589 | 193.802 | 630 | 706 | 15.526 | 15.632 | 12 | 12 |
| 6 | Гевгелија | 438.593 | 485.946 | 729 | 818 | 30.196 | 30.300 | 15 | 16 |
| 7 | Гостивар | 656.751 | 749.108 | 401 | 455 | 80.954 | 81.746 | 8 | 9 |
| 8 | Дебар | 183.758 | 176.842 | 450 | 451 | 19.115 | 19.205 | 10 | 9 |
| 9 | Делчево | 308.086 | 329.910 | 743 | 842 | 20.242 | 20.323 | 15 | 16 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **10** | Демир Хисар | 92.458 | 98.270 | 648 | 695 | 6.973 | 6.960 | 13 | 14 |
| **11** | Кавадарци | 513.661 | 546.217 | 640 | 705 | 43.128 | 43.556 | 12 | 13 |
| **12** | Кичево | 551.569 | 641.396 | 710 | 821 | 39.826 | 40.643 | 14 | 16 |
| **13** | Кочани | 500.766 | 538.141 | 707 | 775 | 38.005 | 38.090 | 13 | 14 |
| **14** | Кратово | 84.923 | 88.423 | 617 | 674 | 7.074 | 7.104 | 12 | 12 |
| **15** | Крива Паланка | 220.720 | 239.395 | 585 | 644 | 18.518 | 19.226 | 12 | 12 |
| **16** | Крушево | 55.206 | 60.644 | 341 | 391 | 8.273 | 8.347 | 7 | 7 |
| **17** | Куманово | 1.114.629 | 1.189.229 | 481 | 532 | 113.104 | 113.834 | 10 | 10 |
| **18** | Неготино | 277.421 | 304.418 | 841 | 920 | 17.559 | 17.828 | 16 | 17 |
| **19** | Охрид | 715.919 | 818.390 | 702 | 797 | 53.591 | 54.336 | 13 | 15 |
| **20** | Прилеп | 1.054.047 | 1.138.181 | 663 | 756 | 84.184 | 84.446 | 13 | 13 |
| **21** | Пробиштип | 156.071 | 158.006 | 632 | 691 | 12.204 | 12.270 | 13 | 13 |
| **22** | Радовиш | 217.867 | 225.715 | 436 | 472 | 25.997 | 25.938 | 8 | 9 |
| **23** | Ресен | 198.595 | 215.655 | 662 | 740 | 14.554 | 14.740 | 14 | 15 |
| **24** | Свети Николе | 146.922 | 169.491 | 446 | 534 | 16446 | 16.529 | 9 | 10 |
| **25** | Скопје | 6.072.856 | 6.663.032 | 497 | 569 | 604.523 | 609.870 | 10 | 11 |
| **26** | Струга | 549.541 | 617.782 | 543 | 608 | 48.828 | 49.372 | 11 | 13 |
| **27** | Струмица | 984.845 | 1.028.512 | 646 | 700 | 81.632 | 81.840 | 12 | 13 |
| **28** | Тетово | 1.217.715 | 1.386.070 | 381 | 447 | 155.151 | 156.792 | 8 | 9 |
| **29** | Велес | 718.473 | 742.360 | 638 | 689 | 54.835 | 55.160 | 13 | 13 |
| **30** | Штип | 575.851 | 599.667 | 519 | 583 | 53.215 | 53.328 | 11 | 11 |
| | **Вкупно** | **19.385.458** | **21.129.626** | **Прос. 595** | **Прос. 661** | **1.788.798** | **1.802.992** | **Прос. 10,8** | **Прос. 11,7** |

Од Табелата 4 се гледа дека најголем број рецепти се реализирани во Скопје со вкупно 6.663.032 рецепти (31,5% од вкупниот број на реализирани рецепти за 2015 година) со зголемување од околу 9,7% во однос на бројот на реализирани рецепти во оваа подрачна служба во однос на 2014 година. И во 2015 година, на второ место според бројот на реализирани рецепти е Тетово со околу 1.386.070 рецепти (околу 6,6% во однос на вкупниот број на реализирани рецепти), а на трето место е Битола со 1.260.285 реализирани рецепти (6% од вкупниот број реализирани рецепти на товар на ФЗОМ во 2015 година). Најмал број рецепти се реализирани во Крушево, односно 60.644 рецепти (0,29%) од вкупно реализираните рецепти за 2015 година. Во 2015 година во сите подрачни служби на ФЗОМ се бележи зголемен бројот на реализирани рецепти, со исклучок на Дебар каде има намалување од околу 3,8%, а најголем пораст во бројот на реализирани рецепти во однос на 2014 година е забележано во Кичево со околу 16,3%. Според

пресметаните вредности за потрошувачката на лекови по дневни дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден се забележува зголемување во сите подрачни служби.

За разлика од 2013 и 2014 година кога најголема потрошувачка според ДДД на лекови беше забележана во Берово, во 2015 година на прво место по употреба на лекови е Неготино со 920 ДДД/1000/ден. Тоа значи дека на секои 1000 осигуреници во Неготино, 920 осигуреници секој ден во годината користеле лек на товар на Фондот. Во Берово се потрошени 910 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден. Во Делчево се потрошени 842 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден, а во Кичево 821 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден. Во Крушево се користени најмалку лекови, односно 391 единици ДДД на 1000 осигуреници на ден. Најголем пораст на потрошувачката во 2015 година според параметарот ДДД/1000/ден во однос на 2014 година има во Свети Николе со околу +19,8%.

Во Табелата 5 дадена е споредбата за вкупните износи по подрачни служби како и просечните износи по осигуреник за 2015 и 2014 година. Скопје е на прво место со 816,4 милиони денари односно околу 33,66% од вкупниот износ за лекови на рецепт, а втора по вкупен износ за лекови од примарна здравствена заштита е Тетово во која вкупниот износ за лекови изнесува 159.490.779,97 денари или околу 6,6% од вкупниот износ на ниво на Република Македонија. Во подрачната служба Куманово вкупниот износ изнесува 144.377.493,14 денари или приближно 6% од вкупно издвоениот износ за лекови, со што оваа Подрачна служба се наоѓа на трето место по износи за лекови на рецепт.

Најмалку средства за лекови се издвоени во Подрачна служба Македонски брод каде се издвоени само околу 0,29% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ.

Табела 5. Потрошувачка на лекови на рецепт по ФЗО подрачни служби, по износи, 2014-2015 година

| Реден број | ФЗО Подрачна служба | Вкупен износ (денари) 2014 | Вкупен износ (денари) 2015 | Удел на Подрачните служби во вкупниот износ за 2015 | Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2014 | Просечен износ на лекови на рецепт по осигуреник (денари) 2015 | Разлика 2014/2015 година (денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 24.026.583,78 | 24.449.439,76 | 1,01% | 1.604,88 | 1.621,24 | 16,36 |
| 2 | Битола | 123.507.296,38 | 132.589.588,90 | 5,47% | 1.329,68 | 1.423,13 | 93,45 |
| 3 | Брод | 6.791.686,28 | 7.097.637,44 | 0,29% | 898,13 | 937,79 | 39,65 |
| 4 | Валандово | 11.818.046,78 | 12.943.079,01 | 0,53% | 1.214,97 | 1.326,05 | 111,08 |
| 5 | Виница | 19.452.497,65 | 20.583.726,63 | 0,85% | 1.252,90 | 1.316,74 | 63,84 |
| 6 | Гевгелија | 44.075.477,81 | 47.474.035,08 | 1,96% | 1.459,65 | 1.566,80 | 107,15 |
| 7 | Гостивар | 81.992.608,85 | 95.181.088,90 | 3,92% | 1.012,83 | 1.164,35 | 151,52 |
| 8 | Дебар | 22.383.206,71 | 19.686.955,91 | 0,81% | 1.170,98 | 1.025,10 | -145,88 |
| 9 | Делчево | 31.610.145,12 | 33.632.583,72 | 1,39% | 1.561,61 | 1.654,89 | 93,28 |
| 10 | Демир Хисар | 8.375.082,71 | 8.680.919,30 | 0,36% | 1.201,07 | 1.247,21 | 46,14 |
| 11 | Кавадарци | 64.639.391,62 | 66.393.400,35 | 2,74% | 1.498,78 | 1.524,32 | 25,54 |
| 12 | Кичево | 56.693.168,22 | 64.710.449,29 | 2,67% | 1.423,52 | 1.592,16 | 168,64 |
| 13 | Кочани | 56.861.528,08 | 60.535.593,10 | 2,50% | 1.496,16 | 1.589,29 | 93,13 |
| 14 | Кратово | 9.301.022,71 | 9.560.100,40 | 0,39% | 1.314,82 | 1.345,81 | 30,99 |
| 15 | Крива Паланка | 25.281.447,99 | 26.874.477,13 | 1,11% | 1.365,24 | 1.397,83 | 32,59 |
| 16 | Крушево | 6.533.399,24 | 7.132.261,77 | 0,29% | 789,73 | 854,51 | 64,78 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **17** | Куманово | 136.107.788,16 | 144.377.493,14 | 5,95% | 1.203,39 | 1.268,32 | 64,93 |
| **18** | Неготино | 26.286.732,77 | 28.632.012,85 | 1,18% | 1.497,05 | 1.606,01 | 108,96 |
| **19** | Охрид | 85.084.341,38 | 95.496.024,13 | 3,94% | 1.587,66 | 1.757,50 | 169,84 |
| **20** | Прилеп | 119.519.648,26 | 128.265.288,95 | 5,29% | 1.419,74 | 1.518,90 | 99,15 |
| **21** | Пробиштип | 15.959.005,81 | 15.957.998,98 | 0,66% | 1.307,69 | 1.300,60 | -7,09 |
| **22** | Радовиш | 25.245.732,25 | 26.490.176,85 | 1,09% | 971,10 | 1.021,30 | 50,20 |
| **23** | Ресен | 21.443.032,07 | 23.271.307,06 | 0,96% | 1.473,34 | 1.578,75 | 105,40 |
| **24** | Свети Николе | 17.021.312,98 | 19.443.711,21 | 0,80% | 1.034,98 | 1.176,37 | 141,38 |
| **25** | Скопје | 765.618.700,19 | 816.428.382,21 | 33,66% | 1.266,48 | 1.338,69 | 72,21 |
| **26** | Струга | 62.899.612,70 | 68.742.643,52 | 2,83% | 1.288,19 | 1.392,35 | 104,17 |
| **27** | Струмица | 105.560.048,91 | 108.388.564,84 | 4,47% | 1.293,12 | 1.324,39 | 31,27 |
| **28** | Тетово | 143.671.630,82 | 159.490.779,97 | 6,58% | 926,01 | 1.017,22 | 91,20 |
| **29** | Велес | 79.267.787,74 | 83.159.481,14 | 3,43% | 1.445,57 | 1.507,60 | 62,04 |
| **30** | Штип | 66.225.194,28 | 69.985.932,54 | 2,89% | 1.244,48 | 1.312,37 | 67,89 |
| | **Вкупно** | **2.263.253.158,25** | **2.425.655.134,08** | **100,00%** | **1.285,12** | **1.345,35** | **60,23** |

На ниво на Република Македонија во 2015 година по осигуреник просечно се реализирани 11,7 рецепти.

Од графикон 5 во кој се прикажани просечниот број на реализирани рецепти по осигуреник по подрачни служби на Фондот (се гледа дека најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Берово и Неготино со просечно 17 рецепти по осигуреник, додека во Делчево, Гевгелија и Кичево се реализирани просечно по 16 рецепти по осигуреник. Најмал број на рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачна служба Крушево.

Графикон 5. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по Подрачна служба на ФЗОМ, 2015 година




Во Графикон 6 прикажан е вкупниот просечен износ по осигуреник по подрачни служби за 2015 година. Од истиот може да се забележи дека најмногу средства за лекови на товар на ФЗОМ во ПЗЗ се забележани во Охрид со околу 1757,5 денари по осигуреник, во Делчево се одвоени околу 1654,9 денари, а во Берово се одвоени околу 1621,2 денари. Просечно најмалку средства по осигуреник за лекови од примарна здравствена заштита се одвоени во Крушево каде просечниот износ за лекови е околу 854,51 денари по осигуреник. На ниво на Република Македонија просечно се издвоени по 1.345 денари по осигуреник за лекови од ПЗЗ, што претставува зголемување за околу 4,7% во однос на 2014 година.

Графикон 6. Просечен износ во денари по осигуреник по Подрачна служба на ФЗО, 2015 година




Правото да подигнат лек на рецепт на товар на ФЗОМ осигурениците можат да го остварат во било која аптека со склучен договор со Фондот, во секој град односно населено место во државата, независно од тоа која е матичната подрачна служба на Фондот на осигуреното лице.

Во Табелата 6 е даден приказ за учеството во реализираните рецепти и вкупни износи за лекови подигнати во аптеки за осигуреници од нематична подрачна служба на ФЗО.

Табела 6. Учество во реализираните рецепти и вкупни износи за лекови подигнати во аптеки за осигуреници од нематична подрачна служба на ФЗО

| Подрачна служба | % на реализирани рецепти за осигуреници вон матична подрачна служба | % на одвоени износи за осигуреници вон матична подрачна служба |
|---|---|---|
| **БЕРОВО** | 4% | 4% |
| **БИТОЛА** | 3% | 3% |
| **БРОД** | 10% | 11% |
| **ВАЛАНДОВО** | 16% | 20% |
| **ВЕЛЕС** | 6% | 7% |
| **ВИНИЦА** | 5% | 5% |
| **ГЕВГЕЛИЈА** | 4% | 5% |
| **ГОСТИВАР** | 3% | 3% |
| **ДЕБАР** | 2% | 13% |
| **ДЕЛЧЕВО** | 5% | 5% |
| **ДЕМИР ХИСАР** | 10% | 13% |
| **КАВАДАРЦИ** | 4% | 5% |
| **КИЧЕВО** | 7% | 7% |
| **КОЧАНИ** | 4% | 5% |
| **КРАТОВО** | 8% | 9% |
| **КРИВА ПАЛАНКА** | 7% | 8% |
| **КРУШЕВО** | 8% | 8% |
| **КУМАНОВО** | 5% | 5% |
| **НЕГОТИНО** | 10% | 11% |
| **ОХРИД** | 6% | 7% |
| **ПРИЛЕП** | 5% | 5% |
| **ПРОБИШТИП** | 6% | 7% |
| **РАДОВИШ** | 4% | 4% |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕСЕН** | 5% | 5% |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ** | 6% | 6% |
| **СКОПЈЕ** | 2% | 3% |
| **СТРУГА** | 5% | 6% |
| **СТРУМИЦА** | 2% | 3% |
| **ТЕТОВО** | 3% | 4% |
| **ШТИП** | 3% | 4% |

Од табелата 6 погоре, може да се забележи дека во Валандово од вкупниот број на реализирани рецепти околу 16% од рецептите се за осигуреници на кои ФЗО ПС Валандово не им е матична подрачна служба, соодветно на тои и процентот на издвоени средства за издадени лекови на осигуреници од други подрачни служби во Валандово изнесу 20%. Во останатите подрачни служби бројот на реализирани рецепти за осигуреници осигурани во други подрачни служби достигнува до 10% а процентот на издвоени средства за овие рецепти достигнува до 13%.

## 4. *Потрошувачка на лекови од примарна позитивна листа по региони, по број на рецепти и износи во 2015 година*

Анализата на потрошувачката на лекови на рецепт по региони[1] во РМ покажува дека, исто како на ниво на РМ, во сите региони на прво место според бројот на реализирани рецепти се лековите за кардиоваскуларниот систем, на второ место се лековите со дејство на централниот нервен систем, а на трето место се лековите со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот.

Приказ на бројот на реализирани рецепти за лекови во примарна позитивна листа е даден во Графикон 7.

Графикон 7. Број на реализирани рецепти за лекови од примарна позитивна листа, по АТС групи и по региони, 2015 година




[1] **Региони во РМ**: ***Вардарски***: Кавадарци, Неготино, Свети Николе, Велес; ***Источен:*** Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Штип; ***Југозападен***: Брод, Дебар,Кичево, Охрид, Струга; ***Југоисточен***: Валандово, Гевгелија, Радовиш, Струмица; ***Пелагониски***: Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп, Ресен; ***Полошки***: Гостивар, Тетово; ***Североисточен***: Кратово, Крива Паланка, Куманово; ***Скопски***: Скопје

Во Графиконот 8 даден е приказ средствата за лекови од примарна позитивна листа од кој може да се забележи дека на прво место се повторно лековите од групата C – за кардиоваскуларен систем, на второ место се лековите од групата N – за ЦНС, со исклучок на Полошкиот и Скопскиот регион каде на второ место е АТС R - лекови за третман на болести на респираторниот систем и Североисточниот регион каде на второ место се лековите од групата J - антиинфективни лекови.

Графикон 8 Вкупни износи за лекови од примарна позитиван листа, по АТС групи и по региони, 2015година




Во Скопскиот регион се забележува најголема потрошувачка на лекови на рецепт, а најмала во Североисточниот регион.

Графикон 9. Број на реализирани рецепти и вкупни износи по региони, 2015 година




Во табела 7 даден е преглед на просечниот број на рецепти по осигуреник во 2015 година во однос на 2014 година по региони од кој се забележува дека во 2015 година зголемена е просечна потрошувачка во сите региони, исклучок е Југоисточниот регион каде има незначително намалување на просечниот број на рецепти по осигуреник. Најголема потрошувачка на лекови според просечниот број на реализирани рецепти по осигуреник е забележана во Југозападниот регион со 13,65 рецепти по осигуреник. Најмала потрошувачка на лекови, според бројот, на реализирани рецепти по осигуреник е забележана во Полошкиот регион со 8,95 рецепти по осигуреник, каде се забележува и процентуално најголемо зголемување на просечниот број на рецепти во однос на 2014 од околу 12,75%.

Табела 7. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник по регион за 2014-2015 година

| Регион | 2014 година | 2015 година | Разлика 2015/2014 |
|---|---|---|---|
| Вардарски | 12,55 | 13,24 | 0,69 |
| Источен | 12,08 | 13,38 | 1,3 |
| Југозападен | 12,29 | 13,65 | 1,36 |
| Југоисточен | 12,72 | 12,67 | -0,05 |
| Пелагониски | 12,36 | 13,35 | 0,99 |
| Полошки | 7,94 | 8,95 | 1,01 |
| Североисточен | 10,24 | 10,82 | 0,58 |
| Скопски | 10,05 | 10,93 | 0,88 |

Во Графиконот 10 подолу е даден графички приказ на потрошувачката на лекови на товар на ФЗОМ по просечен број на реализирани рецепти по осигуреник и по регион.

Графикон 10. Просечен број на реализирани рецепти по осигуреник, по регион 2015 година




## 5. *Потрошувачка на лекови на рецепт во 2015 година* според АТС *ниво*

### *5.1 Потрошувачка на лекови на рецепт во 2015 година според АТС ниво I (прво ниво)*

Од анализата на потрошувачката на лекови според АТС класификација на прво ниво може да се забележи дека најголема потрошувачка во 2015 година имаат лековите од АТС групите: C - Лекови кои делуваат на срце и крвни садови; N - Лекови со дејство на ЦНС; A - Лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; J - Антиинфективни лекови за системска употреба; M - Лекови со дејство на коскено мускулен систем; R-лекови за третман на болести на респираторниот систем, што може да се види и од Графикон 11.

Најпотрошувани лекови во 2015 година на АТС[2] прво ниво се лековите од C групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи (Табела 2 од овој извештај и Графикон 11 , 12 и 13 дадени подолу).

---

[2] Групи на лекови на АТЦ прво ниво:
**A** - лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот; **B** - лекови кои делуваат на крвта и крвотворните органи; **C** - лекови кои делуваат на срце и крвни садови; **D** - дерматолошки лекови; **G** - лекови кои делуваат на генитоуринарниот тракт и полови хормони; **H** - лекови со дејство на жлездите со внатрешно лачење со исклучок на полови хормони и

Графикон 11. Број на реализирани рецепти (во милиони) по АТС прво ниво, за 2015 година




Графикон 12. Број на ДДД/1000/ден по АТС прво ниво, за 2015 година




Графикон 13. Вкупни износи за лекови по АТС прво ниво (во милиони), за 2015 година




---

инсулин; **J** - антиинфективни лекови за системска употреба; **L** – антинеопластични и имуномодулаторни лекови; **M** - лекови со дејство на коскено - мускулен систем; **N** -лекови со дејство на ЦНС; **P** - лекови за лекување на инфекции предизвикани со паразити; **R** - лекови за третман на болести на респираторен систем; **S** - лекови кои делуваат на сензорни органи

### *5.2 Потрошувачка на лекови на рецепт во 2015 година според АТС ниво III[3] (трето ниво)*

На АТС трето ниво, исто како и претходните години, најпотрошувани лекови по број на рецепти се АЦЕ инхибиторите - Инхибитори на ангиотензин конвертирачкиот ензим (АТС код C09A) со удел од 14% во вкупната потрошувачка на лекови, а по нив се лековите кои делуваат на централниот нервен систем– анксиолитиците (АТС код N05B) со 9% удел во вкупната потрошувачка, а Бета-блокаторите (АТС код C07A) се наоѓаат на трето место по потрошувачка по број на рецепти со удел од 7% (Табела 8).

Табела 8. Број на реализирани рецепти за лекови по АТЦ ниво III и удел во вкупниот број на рецепти, 2015 година

| АТС ниво трето | Број на рецепти | Удел во вкупен број на рецепти (%) |
|---|---|---|
| **C09A** | 2.921.215 | 14% |
| **N05B** | 1.927.781 | 9% |
| **C07A** | 1.415.789 | 7% |
| **A10B** | 1.285.336 | 6% |
| **A02B** | 1.118.350 | 5% |
| **C10A** | 1.013.452 | 5% |
| **M01A** | 905.998 | 4% |
| **C04A** | 882.186 | 4% |
| **J01C** | 805.647 | 4% |
| **C08C** | 736.792 | 3% |
| **Вкупно АТЦ ниво трето- Топ 10** | **13.012.546** | **62%** |
| **Вкупно АТЦ ниво трето- останати лекови** | **8.117.080** | **38%** |
| **Вкупно** | **21.129.626** | **100%** |

Од Графикон 14 може да се забележи дека првите десет најпотрошувани групи на лекови по трето ниво на АТС класификација опфаќаат 62% од вкупната потрошувачка на лекови а останатите лекови опфаќаат околу 38% од вкупната потрошувачка за 2015 година.

Графикон 14. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по број на рецепти, АТЦ ниво III, 2015 година




[3] АТС подгрупи на лекови - ниво III: A02B-Лекови за пептичен улкус и гастроезофагеален рефлукс; A10B-Антидијабетици; C04A- Периферни вазодилататори; C07A-Бета блокатори; C08C-Селективни блокатори на калциумови канали; C09A-АЦЕ инхибитори; C09C-Ангиотензин II антагонисти; C10A-Модифицирачки средства за масноти во крв; G04C-Лекови за бенигна хипертрофија на простата; J01C-Бета лактамски антибактериски лекови, пеницилини; J01D-Други бета лактамски антибактериски лекови; M01A-Антивоспалителни и анти ревматски лекови, нестероидни; N05B-Анксиолитици; R03A-Адренергици, инхалации; R03B-Други лекови за обстуркција на дишните патишта.

Анализирано според број на ДДД/1000/ден, првите три најпотрошувани групи на лекови се лекови со дејство на кардиоваскуларниот систем и тоа на прво место, исто како и според бројот на реализирани рецепти се наоѓаат АЦЕ инхибиторите со 134,2 единици дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден, на второ место се лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (C10A- статини) со 63,62 единици дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден, додека на трето место се групата на селективни блокатори на калциумови канали (C08C) со 41,92 единици на дневно дефинирани дози на 1000 осигуреници на ден (Графикон 15).

Графикон 15. Топ 10 по број на ДДД/1000/ден по АТС ниво III, 2015 година




Анализирано на трето ниво според АТС класификација во 2015 година според вкупните издвоени износи на прво место се наоѓаат лековите кои го намалуваат нивото на серумските липиди (C10A) кои опфаќаат 9% од вкупно издвоените средства за лекови. На второ место се адренергичните лекови (инхалатори) кои во вкупниот износ издвоен за лекови на товар на ФЗОМ учествуваат со 7%, овие лекови во 2014 година беа на трето место, а во 2015 година на трето место се лековите наменети за третман на бенигна хипертрофија на простатата (G04C) со учество од 6% во вкупната потрошувачка по износи издвоени за лекови (Табела 9).

Табела 9. Потрошувачка на лекови по вкупен износ,по АТЦ ниво III и удел во вкупен износ за лекови на товар на ФЗОМ, 2015 година

| АТС ниво трето | Износ на терет на ФЗОМ (денари) | % Удел во вкупен износ |
|---|---|---|
| **C10A** | 212.324.610 | 9% |
| **R03A** | 159.873.723 | 7% |
| **G04C** | 154.783.105 | 6% |
| **R03B** | 129.324.095 | 5% |
| **J01C** | 108.456.575 | 4% |
| **J01D** | 105.587.256 | 4% |
| **A10B** | 94.032.185 | 4% |
| **C07A** | 92.920.601 | 4% |
| **C09A** | 90.370.976 | 4% |
| **N06A** | 74.037.051 | 3% |
| **Вкупно АТЦ ниво трето- Топ 10** | **1.221.710.178** | **50%** |
| **Вкупно АТЦ ниво трето- останати лекови** | **1.203.944.956** | **50%** |
| **Вкупно** | **2.425.655.134** | **100%** |

Од Графиконот 16 подолу, на кој е прикажан уделот на десетте најпотрошувани лекови и на останатите лекови на товар на ФЗОМ по вкупен износ, може да се забележи дека топ 10 лековите по вкупен износ зафаќаат 50% од средствата што ФЗОМ ги издвојува за лекови за примарна здравствена заштита, а другите 50% од средствата се трошат за останатите лекови.

Графикон 16. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по вкупен износ, АТЦ ниво III, 2015 година




### *5.3 Потрошувачка на лекови на рецепт според АТС ниво V (петто ниво)*

Најкористен лек во 2015 година, како и во претходните години е лекот Enalapril со вкупно 1,95 милиони реализирани рецепти, што претставува приближно 9,24% од вкупно реализирани рецепти или околу 8,1% повеќе во однос на 2014 година. Овој лек спаѓа во групата кардиолошки лекови кои делуваат на ренин-ангиотензин системот наменет за терапија на покачен крвен притисок.

За разлика од 2014 година кога во десетте најкористени лекови влегуваше и Amoxicillin+clavulanic acid (антибиотик), во 2015 година на негово место е лекот Hydrochlorotiazide (диуретик).

Останатите лекови кои влегуваат во 10-те најкористени лекови се исти како и претходната година, со разлика во позициииите на кои се наоѓаат некои лекови. Така на пример, лекот Diazepam (за смирување) кој во 2014 година беше на четврто место а во 2015 година се наоѓа на второто место според бројот на реализирани рецепти со 5% учество во вкупниот број на реализирани рецепти, додека лекот Pentoxifyllin (за периферна циркулација) се наоѓа на петтото место во 2015 година за разлика од 2014 година кога беше на второ место според бројот на реализирани рецепти , во 2015 година овој лек опфаќа околу 4% од вкупниот број реализирани рецепти.

Во првите десет најпотрошувани лекови се вбројуваат и лековите: Lisinopril (за покачен крвен притисок, 5%), Metformin (за зголемено ниво на шеќер во крвта,4%), Bisoprolol (за покачен крвен притисок, 3%), Atorvastatin (за зголемено ниво на масти во крвта 3%), Hydrochlorothiazide (диуретик, 3%), Ranitidine (против желудочни тегоби/киселини, 3%) и Diclofenac (аниревматик, 3%) (Табела 10).

Табела 10. Број на реализирани рецепти за лекови по АТЦ ниво V и удел во вкупен број на рецепти, 2015 година

| Генеричко име | Број на рецепти | % Удел во вкупен број на рецепти |
|---|---|---|
| **Enalapril** | 1.952.869 | 9% |
| **Diazepam** | 1.030.767 | 5% |
| **Lisinopril** | 968.346 | 5% |
| **Metformin** | 909.735 | 4% |
| **Pentoxifylline** | 882.186 | 4% |
| **Bisoprolol** | 723.029 | 3% |
| **Atorvastatin** | 622.754 | 3% |
| **Hydrochlorothiazide** | 579.204 | 3% |
| **Ranitidine** | 572.959 | 3% |
| **Diclofenac** | 556.110 | 3% |
| **Вкупно АТЦ ниво пет- Топ 10** | **8.797.959** | **42%** |
| **Вкупно АТЦ ниво пет-останати лекови** | **12.331.667** | **58%** |
| **Вкупно** | **21.129.626** | **100%** |

Од Графикон 17 може да се забележи дека 42% од вкупниот број на реализирани рецепти припаѓа на десетте најпотрошувани генерички лекови на товар на ФЗОМ.

Графикон 17. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по број на рецепти, АТЦ ниво V, 2015 година




По потрошувачка на лекови по генерика според ДДД/1000/ден, првите десет најпотрошувани лекови за 2015 година се генериките дадени во Графиконот 18.

Графикон 18. АТС ниво V - Топ 10 лекови по ДДД/1000/ден



Во графиконот 19 прикажани се десетте лекови кај кои се забележува најголем пораст на потрошувачката по ДДД/1000/ден во 2015 година во однос на 2014 година.

Графикон 19. Приказ на 10-те лека со најголемо зголемување во потрошувачката по ДДД/1000/ден




По АТС петто ниво, како и претходните години, најмногу средства во 2015 година се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin со износ од вкупно 120,4 милиони денари, што претставува приближно 5% од вкупниот износ за лекови и воедно за истиот се бележи зголемување на вкупно исплатениот износ од околу 6,4 % во однос на износот издвоен во 2014 година. Овој лек спаѓа во групата на кардиолошки лекови кои го намалуваат нивото на серумски липиди.

На второ место во 2015 година по вкупно издвоени износ е генериката Tamsulosin од групата G-лекови со дејство на генитоуринарниот тракт и полови хормони со околу 104 милиони денари или 4% од вкупно издвоените средства за лекови.

Од лековите наменети за третман на болести на респираторниот систем во топ десет лекови за кои се издвоени најмногу средства влегуваат генеричките лекови Fluticasone кој во вкупната потрошувачка на лекови по износ учествува со 3% и Salmeterol + fluticasone, кој е на трето место и учествува со 4% во вкупниот износ издвоен за лекови на товар на ФЗОМ.

Од групата на антиинфективни лекови најмногу средства се издвоени за антибиотикот Amoxicillin +clavulanic acid околу 75,8 милиони денари или 3% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ. Од групата на кардиолошки лекови во топ десет лекови влегуваат и генеричките лекови Pentoxifylline (3%), Enalapril (3%), Losartan (3%) и Rosuvastatin (4%). Последниот лек од топ 10 најпотрошувани лекови по вкупен износ е лекот со генеричко име Metformin од групата на лекови со дејство на дигестивниот тракт и метаболизмот за кој што се издвоени околу 60 милиони денари или 2% од вкупниот износ за лекови на товар на ФЗОМ за 2015 година (Табела 11).

,

Табела 11. Потрошувачка на лекови по вкупен износ, по АТЦ ниво V и удел во вкупен износ за лекови на товар на ФЗОМ, 2015 година

| Генеричко име | Износ на терет на ФЗОМ (денари) | % Удел во вкупен износ |
|---|---|---|
| **Atorvastatin** | 120.391.180 | 5% |
| **Tamsulosin** | 104.037.474 | 4% |
| **Salmeterol, fluticasone** | 90.860.665 | 4% |
| **Rosuvastatin** | 87.009.530 | 4% |
| **Amoxicillin +clavulanic acid** | 75.819.377 | 3% |
| **Pentoxifylline** | 72.159.362 | 3% |
| **Losartan** | 69.980.378 | 3% |
| **Fluticasone** | 69.253.818 | 3% |
| **Enalapril** | 61.056.448 | 3% |
| **Metformin** | 60.146.722 | 2% |
| **Вкупно АТЦ ниво петто- Топ 10** | **810.714.952** | **33%** |
| **Вкупно АТЦ ниво пет-останати лекови** | **1.614.940.182** | **67%** |
| **Вкупно** | **2.425.655.134** | **100%** |

Во Графикон 20 прикажан е уделот на топ десет лекови и останатите лекови во вкупниот износ што ФЗОМ го издвоил во 2015 година. Од тука може да се забележо дека 33% од износот за лекови се однесува на десете најпотрошувани генерики по износ а останатите лекови опфаќаат 67% од средствата наменети за лекови на товар на ФЗОМ.

Графикон 20. Приказ на уделот на потрошувачката на топ 10 лекови и останати лекови во вкупната потрошувачка на лекови по вкупен износ, АТЦ ниво V, 2015 година



## 6. Топ - 10 лекови по ФЗО подрачни служби во 2015 година

Анализата за најкористен или најкористени лекови по подрачни служби на ФЗОМ покажува дека Топ 10 лековите не се користат подеднакво во сите градови, што зависи и од структурата на населението и пропишувачките навики на лекарите за лекови.

Од Графиконот 21 може да се забележи дека бројот на реализирани рецепти на најпотрошуваните десет лекови е најголем во Скопје со реализирани околу 31,37% од вкупниот број на рецепти за овие 10 лека. Учеството на бројот на реачизирани рецепти од Скопје во вкупниот број на реализирани рецепти е намалено во 2015 година за околу 0,4% во однос на 2014 година.

Во Подрачната служба Битола се реализирани околу 6,13 % со што оваа Подрачната служба е втора по потрошувачка на топ 10 генерики. Трета по бројот на реализирани рецепти за топ 10 генерики во 2015 година е Тетово со околу 6,1% од вкупниот број на рецепти. Најмал број на реализирани рецепти од најпотрошуваните лекови има во Крушево (~0,28%). Во 2015 година во речиси сите подрачни служби најпотрошуван лек е enalapril, со исклучок на Кратово каде најпотрошуван е лекот lisinopril, кој е од истата група како и enalapril.

**Прилог 1: Табела за број на реализирани рецепти за Топ 10 лековите по подрачни служби на ФЗОМ во 2015 година**

Графикон 21. Топ 10 лекови по број на реализирани рецепти по подрачни служби, 2015 година




Анализата на потрошувачката на 10-те најпотрошувани лекови по ДДД/1000/ден покажа дека, исто како и во претходните години, најпотрошувана генерика е Enalapril во сите подрачни служби, освен во подрачните служби Кочани и Пробиштип каде најпотрошуван лек е Lisinopril , што може да се види од Графиконот 22. Иако во Скопје имало најголем број на реализирани рецепти за лекот Enalapril, според параметарот за тоа колкава количина на лек по дневни дози е пресметана просечно за 1000 осигуреници на ден (ДДД/1000/ден), произлегува дека лекот со генерика Enalapril е најкористен во Берово.

**Прилог 2: Табела за број на дневно дефинирани единици (ДДД) за топ 10 лековите по подрачни служби на ФЗОМ во 2015 година**

Графикон 22. Топ 10 лекови по ДДД/1000/ден по ФЗО Подрачни служби, 2015 година




Во однос на вкупните износи за најпотрошуваните десет генерики, најмногу средства се одвоени во Подрачна служба Скопје околу 35,23%. Во Подрачната служба Тетово се одвоени 6,16%, а во Подрачна служба Битола околу 5,5 %. Најмал дел од средствата за најпотрошуваните десет генерики се издвоени во Подрачна служба Македонски Брод (~0,3%) (Графикон 23).

**Прилог 3: Табела за износи за Топ 10 лекови по подрачни служби на ФЗОМ во 2015 година**

Графикон 23. Вкупни износи за 10-те најпотрошувани лекови по ФЗО подрачни служби, 2015 година



## 7. Потрошувачка на лекови кои се обезбедени без доплата од осигурениците во 2015 година

Фондот изминативе години, преку воведениот систем на референтни цени на лекови и интернационалната компаративна методологија за утврдување на референтни цени на лекови од позитивната листа кои ги надоместува Фондот, контиунирано се залага да постигне референтни цени на лекови со кои се обезбедуваат повеќе лекови без доплата за осируениците со тенденција да има најмалку по еден готов лек за секоја генерика (состав на лек) без доплата од осигурениците односно само со партиципација согласно законските прописи. Во 2015 година континуитетот продолжува и од вкупно 427 лекови по генерика од примарната позитивна листа, до 321 лек односно околу 75% од лековите по генерика на товар на Фондот за примарна здравствена заштита се обезбедени без доплата за осигурениците.

Сумарно, од 2009 година кога само 77 лекови или околу 20% од вкупниот број на лекови за ПЗЗ биле без доплата, во 2015 година бројката на лекови по генерики без доплата е 321 лек или околу 75,2% од вкупниот број на лекови на рецепт со утврдена референтна цена се без доплата од осигурениците на Фондот или за околу четири пати повеќе лекови без доплата по генерика од претходно. Трендот на намалување на цени на лекови во Република Македонија има влијание и врз бројот на лекови кои се обезбедуваат за осигурените лица без доплата.

Графикон 24: Споредба за лекови по генеричко име со референтна цена за ПЗЗ, според доплата 2009-2015 година




Бројот на лекови без доплата по заштитено име од различни производители во 2009 година бил 166 или околу 18,5% од вкупниот број на лекови по заштитено име со референтна цена, додека во 2015 година овој број е 478 лекови или 41,9% од вкупниот број на лекови на рецепт со утврдена референтна цена кои можат да се подигнат на рецепт на товар на ФЗОМ во аптека, или околу три пати повеќе од претходно, што може да се види од Графиконот 25.

Графикон 25: Споредба на лекови по заштитено име со референтна цена за ПЗЗ, според доплата 2009-2015 година



Во 2015 година лековите без доплата имаат учество во вкупната потрошувачка со околу 17% во однос на вкупниот број на реализирани рецепти кој изнесува 21.129.626 или околу 3,6 милиони рецепти, односно околу 39,3% во вкупниот евидентиран износ за лекови кој е 2.425.655.134 денари или околу 953 милиони денари. Трендот на намалување на потрошувачката на овие лекови продолжува и во 2015 година, кога се бележи најголем пад на учеството на потрошувачката на овие лекови во вкупната потрошувачка од околу 3,7% во однос на 2014 година и покрај мерките кои ги превзема ФЗОМ преку договорите кои ги склучува со избраните лекари и ПЗУ аптеките. Имено, со договорите кои ги има склучено Фондот за здравствено осигурување на Македонија со лекарите и аптеките, здравствените установи се задолжени списокот на лекови без доплата да го испечатат во минимум А3-формат и да го истакнат на видно место во ординациите, односно во аптеките, а лекарите при пропишување на лекови на рецепт на товар на ФЗОМ потребно е да ги информираат осигурениците за тоа кој лек од пропишаната генерика можат да го подигнат на рецепт на товар на ФЗОМ без доплата, која обврска подеднакво ја има и фармацевтскиот кадар во аптеките, односно фармацевтите задолжително треба да ги информираат осигурениците за тоа кој лек од пропишаната генерика можат да го подигнат на рецепт на товар на ФЗОМ без доплата.

Споредено со 2014 година, во 2015 година учеството на потрошувачката на овие лекови во вкупниот број на реализирни рецепти за лекови без доплата е намален за околу 3,7%, а учеството во вкупниот износ е намален за околу 5,9%. Во Графикот 26 е дадена споредба на учеството на лековите без доплата во вкупниот број на рецепти и вкупниот износ по години, за периодот од 2012 - 2015 година, од каде се гледа дека континуирано се намалува потрошувачката на лекови без доплата на сметка на што расте потрошувачката на лекови со доплата од осигурениците, а сето тоа во ситуација кога Фондот обезбедил голем број на лекови без доплата од осигурениците и во насока на заштеда на нивни лични средства.

Графикон 26. Учество на лековите без доплата во потрошувачката (%), 2012- 2015 година




Мерка која Фондот ја спроведе со цел на осигурениците да им бидат подостапни лековите без доплата е и тоа што аптеките се задолжени во секое време да располагаат со најмалку еден готов лек без доплата за најпотрошуваните генерики (Образец ГЛБД). Анализата на потрошувачката на лековите без доплата, за генериките од Образецот ГЛБД за кои здравствените установи – аптеки согласно договорот во секое време треба да имаат најмалку по еден лек, покажа дека во 2015 година се реализирани 1.299.510 рецепти во износ од 207.256.705 денари што преставува намалување од приближно 14% во однос на број на реализирани рецепти за лековите од ГЛДБ образецот во 2014 година и околу 7% на вкупниот износ за овие лекови во 2014 година.

И покрај тоа што за снабденоста со лекови има позитивни ефекти од референтните цени на лековите со кои ФЗОМ во континуитет обезбедува голем број на лекови без доплата и

овозможува избор на осигурениците дали сакаат да подигнат лек без нивна доплата или со нивна доплата, во праксата се забележува тренд на намалување на потрошувачката на лекови кои се без доплата.

Тоа покажува дека осигурениците не го користат ова нивно право да подигнат лек на товар на Фондот кој е без нивна доплата односно одбираат да подигнат лек со нивна доплата, со претпоставка дека тоа е пред се заради тоа што здравствените работници не ги проследуваат тие информации до осигурениците, односно не ги информираат целосно осигурениците дека тие имаат можност да подигнат лек кој Фондот го обезбедил без доплата, само со партиципација. Доплатата за одреден лек е всушност разликата помеѓу неговата утврдена референтна цена која ја надоместува Фондот и дистрибутивната цена на лекот во аптеките.

## 8. *Потрошувачка на скапи лекови на рецепт на товар на Фондот во примарна здравствена заштита*

Во 2010 година донесена е Одлука за утврдување скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ, а кои што лекови се издаваат на рецепт на товар на Фондот во аптеките надвор од нивниот определен месечен износ (квотите), со што е овозможено непречено снабдување на осигурениците со овие лекови.

Вкупниот износ за скапите лекови во 2015 година изнесува 71,2 милиони денари што е околу 2,94% од вкупните средства за лекови на рецепт. Вкупниот издвоен износ за овие лекови намален за износот на наплатена партиципација и износот на услугата за издадени лекови на рецепт изнесува приближно 63,9 милиони денари и истиот претставува околу 98,3% од предвидените буџетски средства за аптеките за овие лекови кои за 2015 година изнесуваа 65 милиони денари.

Најголема потрошувачка по број на рецепти од скапите лекови во ПЗЗ во 2015 година, исто како и во 2013 и 2014 година, има лекот amilase+lipase+protease со 14.458 реализирани рецепти, кој се наоѓа на Листата на лекови за примарна здравствена заштита за индикација докажана инсуфициенција на панкреас и спаѓа во групата на ензимски препарати, а додека најголем износ е издвоен за лекот mycophenolic acid (16,9 милиони денари или околу 23,8% од вкупниот износ за скапи лекови) кој спаѓа во групата на имуносупресиви и се наоѓа на Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ за индикација трансплантација на органи.

Потрошувачката на овие лекови во периодот 2012 - 2015 година е прикажана во Табела 12.

Табела 12: Потрошувачка на скапи лекови за ПЗЗ, 2012-2015 година

| | 2012 година | | 2013 година | | 2014 година | | 2015 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на рецепти | Вкупен износ (денари) | Број на рецепти | Вкупен износ (денари) | Број на рецепти | Вкупен износ (денари) | Број на рецепти | Вкупен износ (денари) |
| **Cyproterone** | 7.882 | 10.860.042,78 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Mycophenolic acid** | 3.826 | 13.441.790,81 | 3.647 | 14.684.553,93 | 1.108 | 14.478.236 | 1.294 | 16.960.423 |
| **Ciclosporin** | 3.762 | 6.231.680,55 | 3.779 | 6.132.864,50 | 3.379 | 5.370.469 | 3.247 | 5.114.063 |
| **Ribavirin** | 558 | 10.824.476,39 | 510 | 9.329.144,75 | 403 | 4.948.328 | 418 | 4.892.639 |
| **Desmopressin** | 531 | 1.254.787,64 | 708 | 1.773.534,63 | 3.123 | 6.279.664 | 3.003 | 5.801.994 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Lamivudine** | 940 | 2.777.985,00 | 1.529 | 4.359.547,92 | 1.680 | 4.597.620 | 1.787 | 4.541.501 |
| **Tacrolimus** | 145 | 1.253.048,16 | 677 | 4.745.372,04 | 2.057 | 4.247.097 | 2.207 | 3.537.966 |
| **Clodronic acid** | 365 | 2.760.407,63 | 280 | 2.055.636,20 | 174 | 1.272.475 | 152 | 1.083.216 |
| **Morphine** | 0 | 0 | 0 | 0 | 81 | 50.963 | 185 | 114.313 |
| **Amilase+Lipase +Protease** | / | / | 15.751 | 8.480.196,23 | 16.424 | 10.217.442 | 14.458 | 12.062.409 |
| **Levetiracetam** | / | / | 4.890 | 15.166.261,33 | 591 | 1.589.259 | 723 | 1.932.586 |
| **Mesalazine** | / | / | 423 | 686.952,10 | 1.356 | 1.100.901 | 1.779 | 1.397.536 |
| **Ursodeoxycholic acid** | / | / | / | / | 526 | 849.515 | 477 | 770.369 |
| **Pramipexole** | / | / | / | / | 3.082 | 10.826.643 | 4.127 | 12.998.742 |
| **Вкупно** | **18.009** | **49.404.219** | **32.194** | **67.414.060** | **33.984** | **65.828.611** | **33.857** | **71.207.758** |

Бројот на рецепти за овие лекови во 2015 година е намален за околу 0,4% во однос на 2014 година, додека вкупниот износ во 2015 година е зголемен за приближно 8,2%. Причина за зголемениот износ издвоен за скапите лекови наспроти намалувањето на бројот на реализирани рецепти за овие лекови, меѓудругото, е и тоа што кај генериката Amilase+lipase +protease се забележува зголемување на потрошувачката на јачината од 300 mg за околу 90%, наспроти намалениот број на реализирани рецепти на јачината од 150 mg од околу 27%. Сумарно, кај оваа генерика соодветно на претходното се забележува намалување на вкупниот бројот на реализирани рецепти за двете јачини а зголемен вкупен износ.

## 9. Лекови за трансплантирани органи по Програма на Влада на РМ

За лековите од АТС групата L (антинеопластични и имуномодулаторни лекови) кои се подигаат на рецепт на товар на Фондот и за кои осигурениците со трансплантирани органи (МКБ-10 дијагноза Z94) се ослободени од партиципација согласно Програма на Владата на РМ, потрошувачката е прикажана во Табелата 13.

Табела 13. Број на рецепти за лекови за трансплантирани органи по програма, 2012-2015 година

| Генеричко име | Број на рецепти 2012 година | Број на рецепти 2013 година | Број на рецепти 2014 година | Број на рецепти 2015 година | Индекс 2013/2012 | Индекс 2014/2013 | Индекс 2015/2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ciclosporin | 3.229 | 3.245 | 2.917 | 2.801 | 1,004 | 0,9 | 0,96 |
| Mycophenolic acid | 3.740 | 3.633 | 3.701 | 3.746 | 0,97 | 1,02 | 1,01 |
| Вкупно | 6.969 | 6.878 | 6.618 | 6.547 | 0.99 | 0,96 | 0.99 |

Од горната табела се забележува дека кај генериката Ciclosporin има намалување на бројот на реализирани рецепти и тоа за околу 4% во споредба со 2014 година. Кај генериката Mycophenolic acid во 2015 година има зголемување на вкупниот бројот на реализирани рецепти за околу 1% во однос на 2014 година.

Како што е погоре споменато, пациентите/осигурениците со трансплантирани органи се ослободени од партиципација која за овие лекови за 2015 година изнесува 1.725.930 денари.

Во 2015 година бројот на реализирани рецепти за лекови за трансплантирани органи опфаќаат околу 0,031% од вкупниот број на реализирани рецепти и околу 0,96% од вкупните износи за лекови на товар на Фондот во примарна здравствена заштита.

Табела 14. Вкупни износи за лекови за трансплантирани органи по програма, 2012-2015 година

| Генеричко Име на лекот | Вкупен износ (денари) 2012 година | Вкупен износ (денари) 2013 година | Вкупен износ (денари) 2014 година | Вкупен износ (денари) 2015 година | Индекс 2013/ 2012 | Индекс 2014/ 2013 | Индекс 2015/ 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ciclosporin | 4.946.484 | 4.904.374 | 4.348.433 | 4.132.908 | 0,99 | 0,9 | 0,95 |
| Mycophenolic acid | 13.215.005 | 14.615.343 | 16.893.076 | 19.274.339 | 1,105 | 1,15 | 1,14 |
| Вкупно | 18.161.489 | 19.519.717 | 21.241.508 | 23.407.247 | 1,074 | 1,09 | 1,10 |

## *10. Потрошувачка на лекови пропишани од лекари во дежурна служба*

Во 2010 година се воведени редовни дежурства на аптеките со цел осигурениците да имаат континуирана здравствена заштита (ноќе, сабота, недела и државни празници), а донесена е и Одлука за утврдување на лекови кои може да ги пропишуваат лекарите во дежурната служба, за кои од 2013 година реализираните рецепти аптеките ги фактурираат надвор од нивниот определен месечен износ (квотите).

Во 2015 година биле реализирани вкупно 5.121 рецепти кои биле пропишани од лекарите во дежурната служба (0,024% од вкупниот број реализирани рецепти во 2015 година), во вкупен износ од 430.470 денари или 0,018% од вкупниот износ (Табела 15 и Графикон 27). Ова претставува зголемување од околу 4,7% на бројот на реализирани рецепти, односно околу 4,9% на вкупните износи во однос на 2014 година.

Графикон 27. Потрошувачка на лекови пропишани од лакари во дежурна служба, 2012- 2015 година



Табела 15. Потрошувачка на лекови од дежурни служби, 2015 година

| | АТС код | Генеричко име на лекот со форма и јачина | Вкупно рецепти | Износ на терет на Фондот (денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | A02BA02 | RANITIDINE табл. (150,00 mg) | 178 | 6.617 |
| 2 | A03FA01 | METOCLOPRAMIDE р-ор за орална употр. (5.00mg)/5.00ml | 21 | 1.168 |
| 3 | A03FA01 | METOCLOPRAMIDE табл. (10.00mg) | 40 | 2.466 |
| 4 | A07AX03 | NIFUROXAZIDE капс. (100.00mg) | 15 | 2.421 |
| 5 | A07AX03 | NIFUROXAZIDE капс. (200.00mg) | 300 | 58.270 |
| 6 | A07AX03 | NIFUROXAZIDE сусп (200.00mg)/5.00ml | 138 | 21.197 |
| 7 | A07BA01 | CARBO MEDICINALIS табл. (150.00mg) | 6 | 736 |
| 8 | C01DA02 | GLYCERYL TRINITRATE лингв.(500.00mcg) | 2 | 333 |
| 9 | C03CA01 | FUROSEMIDE табл. (40.00mg) | 45 | 1.206 |
| 10 | C03CA01 | FUROSEMIDE табл. (500.00mg) | 1 | 344 |
| 11 | D06BB03 | ACICLOVIR крема (5.00%) | 2 | 146 |
| 12 | G04BD09 | TROSPIUM табл. (5.00mg) | 192 | 22.190 |
| 13 | J01CA04 | AMOXICILLIN капс. (250.00mg) | 48 | 2.270 |
| 14 | J01CA04 | AMOXICILLIN капс./табл. (500.00mg) | 572 | 31.174 |
| 15 | J01CA04 | AMOXICILLIN сусп (250.00mg)/5.00ml | 796 | 49.830 |
| 16 | J01CA04 | AMOXICILLIN табл. (1000,00 mg) | 1 | 86 |
| 17 | J01CA04 | AMOXICILLIN табл. (750,00 mg) | 2 | 151 |
| 18 | J01DB01 | CEFALEXIN капс. (250.00mg) | 1 | 73 |
| 19 | J01DB01 | CEFALEXIN капс. (500.00mg) | 723 | 74.180 |
| 20 | J01DB01 | CEFALEXIN сусп (250.00mg)/5.00ml | 435 | 45.816 |
| 21 | J01EE03 | SULFAMETROLE + TRIMETHOPRIM сусп (200.00mg + 40.00mg)/5.00ml | 69 | 4.457 |
| 22 | J01EE03 | SULFAMETROLE + TRIMETHOPRIM табл. (400.00mg + 80.00mg) | 109 | 4.534 |
| 23 | J01MA02 | CIPROFLOXACIN табл. (250.00mg) | 1 | 65 |
| 24 | J01MA02 | CIPROFLOXACIN табл. (500.00mg) | 530 | 35.775 |
| 25 | J05AB01 | ACICLOVIR табл. (200.00mg) | 2 | 258 |
| 26 | M01AB05 | DICLOFENAC табл./капс.со продолжено/модифицирано ослоб. (75.00mg) | 37 | 3.013 |
| 27 | M01AB05 | DICLOFENAC табл.со продолжено/модифицирано ослоб. (100.00mg) | 13 | 591 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **28** | M01AE03 | KETOPROFEN капс. (50.00mg) | 27 | 1.084 |
| **29** | M01AE03 | KETOPROFEN табл. (100.00mg) | 118 | 6.897 |
| **30** | M01AE03 | KETOPROFEN табл.со продолжено/модифицирано ослоб. (150.00mg) | 23 | 1.876 |
| **31** | M01AE03 | KETOPROFEN табл.со продолжено/модифицирано ослоб. (200.00mg) | 4 | 410 |
| **32** | N02BE01 | PARACETAMOL сир. (120.00mg)/5.00ml | 91 | 7.339 |
| **33** | N05BA01 | DIAZEPAM табл. (10.00mg) | 2 | 121 |
| **34** | N05BA01 | DIAZEPAM табл. (2.00mg) | 42 | 942 |
| **35** | N05BA01 | DIAZEPAM табл. (5.00mg) | 156 | 5.713 |
| **36** | R03AC02 | SALBUTAMOL aerosol (0.10mg) | 14 | 1.716 |
| **37** | R03AC02 | SALBUTAMOL р-ор за инхал. (5.00mg)/1.00ml | 12 | 2.409 |
| **38** | R03AC02 | SALBUTAMOL сир. (2.00mg)/5.00ml | 21 | 1.400 |
| **39** | R03AC02 | SALBUTAMOL табл. (2.00mg) | 14 | 681 |
| **40** | R06AE07 | CETIRIZINE р-ор. (1.00mg)/1.00ml | 57 | 5.992 |
| **41** | R06AE07 | CETIRIZINE табл. (10,00 mg) | 186 | 14.613 |
| **42** | S01CA01 | DEXAMETHASONE+CHLORAMPHENICOL gutt.o.(1.00mg+5.00mg)/1 ml | 35 | 5.936 |
| **43** | S03AA07 | CIPROFLOXACIN gtt.u.o. (3.00mg)/1.00ml | 40 | 3.976 |
| | | Вкупно | 5.121 | 430.470 |

Рецепти пропишани од лекарите во дежурната служба се реализирани во 19 подрачни служби на Фондот (Графикон 28).

Графикон 28. Потрошувачка на лекови пропишани на рецепт од лекари во дежурна служба, по број на рецепти по подрачна служба, 2015 година



## *11. Потрошувачка на лекови од групата на антибиотици и анксиолитици на рецепт, 2015 година*

Со цел рационално пропишување и употреба на лековите, посебно на лековите од групата на антибиотици и анксиолитици, Фондот за здравствено осигурување воведе контролни механизми за избраните лекари преку промена на износот и пресметката на целите на лекарите со посебен акцент на овие две групи на лекови.

Во Табела 16 даден е преглед на потрошувачка на лекови на товар на ФЗОМ по број на реализирани рецепти за групата на антибиотици и анксиолитици за период од 2012 до 2015 година.

Табела 16. Реализирани рецепти за Антибиотици и Анксиолитици, 2012-2015 година

| Антибиотици | | Број на рецепти | Број на рецепти | Број на рецепти | Број на рецепти |
|---|---|---|---|---|---|
| **ATC** | **Генеричко име** | **2012 година** | **2013 година** | **2014 година** | **2015 година** |
| **J01AA02** | Doxycycline | 4.368 | 3.455 | 2.969 | 2.821 |
| **J01CA04** | Amoxicillin | 178.325 | 193.075 | 217.196 | 235.260 |
| **J01CE10** | Benzathine phenoxymethylpenicillin | 83.104 | 66.180 | 56.898 | 59.152 |
| **J01CF02** | Cloxacillin | 1 | / | / | / |
| **J01CR02** | Amoxicillin +clavulanic acid | 481.149 | 476.380 | 531.317 | 511.235 |
| **J01DB01** | Cefalexin | 217.086 | 190.322 | 185.264 | 180.557 |
| **J01DB05** | Cefadroxil | 83.048 | 49.433 | 38.853 | 27.540 |
| **J01DC02** | Cefuroxime | 128.395 | 111.905 | 125.272 | 120.487 |
| **J01DC04** | Cefaclor | 75.441 | 62.606 | 56.280 | 46.037 |
| **J01DD08** | Cefixime | 60.300 | 53.516 | 69.101 | 73.488 |
| **J01EE01** | Sulfamethoxazole +trimethoprim | 37.190 | 31.845 | 31.127 | 31.704 |
| **J01EE03** | Sulfametrole + trimethoprim | 45.283 | 37.384 | 34.373 | 31.084 |
| **J01FA01** | Erythromycin | 7.223 | 6.671 | 7.506 | 7.253 |
| **J01FA03** | Midecamycin | 47.896 | 39.415 | 37.901 | 29.950 |
| **J01FA09** | Clarithromycin | 54.632 | 53.170 | 72.936 | 93.649 |
| **J01FA10** | Azithromycin | 62.036 | 62.117 | 99.817 | 137.802 |
| **J01FF01** | Clindamycin | 27.364 | 26.996 | 32.212 | 33.587 |
| **J01FF02** | Lincomycin | 607 | 1.174 | 796 | 2 |
| **J01MA02** | Ciprofloxacin | 229.710 | 210.974 | 216.303 | 205.126 |
| **J01MA03** | Pefloxacin | 7.555 | 5.685 | 5.393 | 4.444 |
| **J01MA06** | Norfloxacin | 24.516 | 22.031 | 22.962 | 21.222 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **J01MB04** | Pipemidic acid | 40.441 | 32.145 | 33.263 | 32.542 |
| | **Вкупно антибиотици** | **1.895.670** | **1.736.479** | **1.877.739** | **1.884.942** |
| | | | **91,60%** | **108,13%** | **100,38%** |
| | **Анксиолитици** | **2012 година** | **2013 година** | **2014 година** | **2015 година** |
| **N05BA01** | Diazepam | 882.013 | 789.389 | 886.187 | 1.030.767 |
| **N05BA08** | Bromazepam | 326.034 | 288.813 | 329.763 | 382.540 |
| **N05BA12** | Alprazolam | 459.555 | 440.329 | 480.060 | 514.474 |
| | **Вкупно анксиолитици** | **1.667.602** | **1.518.531** | **1.696.010** | **1.927.781** |
| | | | **91%** | **112%** | **114%** |

Од Табелата 16 може да се види дека за групата на лековите антибиотици во последните години се бележи раст на потрошувачката на лекови освен во 2013 година кога има намалување за околу 8,4% во однос на 2012 година. Во 2014 година има зголемена потрошувачка на оваа група на лекови за околу 8% во однос на 2013 година, а во 2015 година има минимално зголемување на потрошувачката на антибиотици по број на реализирани рецепти на товар на Фондот за околу 0.38% споредено со 2014 година.

Слична е состојбата и со потрошувачката на лекови од групата на анксиолитици каде во 2013 година има пад на потрошувачката по број на реализирани рецепти за околу 9% во однос на 2012 година а во наредните години има зголемување на потрошувачката на оваа група на лекови. Во 2014 година се бележи зголемување од околу 12% во однос на 2013 година а во 2015 година има зголемување од околу 14% во однос на 2014 година.

Од Табелата 17 може да се забележи дека за групата на лекови антибиотици во 2013 година има намалување на износот за околу 12 % во однос на 2012 година. Во 2014 година има зголемена потрошувачка на оваа група на лекови за околу 4% во однос на 2013 година, а во 2015 година има намалување за околу 4% на издвоениот вкупен износ во споредба со 2014 година.

Слична е состојбата и со потрошувачката на лекови од групата на анксиолитици,за кои во 2013 година речиси и да нема промена во издвоениот износ за оваа група на лекови, а во наредната 2014 година има зголемување на потрошувачката на оваа група на лекови за околу 5% во однос на предходната 2013 година и во 2015 година повторно има намалување на износот одвоен за анксиолитици и тоа за 16% во однос на 2014 година. Причина за намалувањето на вкупниот износ издвоен за овие лекови, анксиолитиците, наспроти зголемениот број на реализирани рецепти, се намалените референтни цени на овие лекови.

Во следната Табела 17 даден е преглед на потрошувачката на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за период од 2012 до 2015 година.

Табела 17. Потрошувачка на антибиотици и анксиолитици по вкупен износ за 2012-2015 година

| Антибиотици | | Вкупен износ (денари) | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ATC** | Генеричко име | **2012 година** | **2013 година** | **2014 година** | **2015 година** |
| **J01AA02** | Doxycycline | 106.874 | 84.715 | 78.290 | 80.155 |
| **J01CA04** | Amoxicillin | 10.247.276 | 11.124.089 | 12.499.298 | 14.006.933 |
| **J01CE10** | Benzathine phenoxymethylpenicillin | 25.440.746 | 20.379.396 | 17.723.032 | 18.630.265 |
| **J01CF02** | Cloxacillin | 252 | / | / | / |
| **J01CR02** | Amoxicillin +clavulanic acid | 79.700.668 | 79.288.426 | 84.328.175 | 75.819.377 |
| **J01DB01** | Cefalexin | 22.388.281 | 19.629.773 | 19.113.196 | 18.665.430 |
| **J01DB05** | Cefadroxil | 19.404.535 | 11.649.941 | 9.124.944 | 6.498.352 |
| **J01DC02** | Cefuroxime | 26.126.766 | 22.763.863 | 25.616.263 | 24.386.225 |
| **J01DC04** | Cefaclor | 15.435.954 | 12.112.748 | 10.535.632 | 7.710.883 |
| **J01DD08** | Cefixime | 72.654.983 | 55.656.011 | 53.967.053 | 48.326.367 |
| **J01EE01** | Sulfamethoxazole +trimethoprim | 1.843.824 | 1.672.277 | 1.806.802 | 1.828.614 |
| **J01EE03** | Sulfametrole + trimethoprim | 2.223.917 | 1.845.229 | 1.657.245 | 1.497.119 |
| **J01FA01** | Erythromycin | 643.059 | 640.974 | 1.057.472 | 1.118.953 |
| **J01FA03** | Midecamycin | 8.211.105 | 6.774.007 | 6.415.577 | 4.972.778 |
| **J01FA09** | Clarithromycin | 11.100.979 | 11.307.093 | 15.505.519 | 20.732.558 |
| **J01FA10** | Azithromycin | 12.246.171 | 12.343.006 | 18.434.377 | 22.050.673 |
| **J01FF01** | Clindamycin | 4.132.589 | 4.112.508 | 4.937.823 | 5.165.007 |
| **J01FF02** | Lincomycin | 99.405 | 189.612 | 126.867 | 321 |
| **J01MA02** | Ciprofloxacin | 11.719.139 | 14.705.320 | 14.482.544 | 13.755.912 |
| **J01MA03** | Pefloxacin | 1.645.112 | 1.237.376 | 1.174.056 | 967.670 |
| **J01MA06** | Norfloxacin | 1.307.743 | 1.334.249 | 1.393.142 | 1.288.864 |
| **J01MB04** | Pipemidic acid | 5.727.475 | 4.887.274 | 5.181.902 | 5.210.693 |
| | **Вкупно** | **332.406.853** | **293.737.889** | **305.159.209** | **292.713.148** |
| | | | **88%** | **104%** | **96%** |

| | Анксиолитици | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година |
|---|---|---|---|---|---|
| **N05BA01** | Diazepam | 25.876.720 | 28.489.848 | 31.113.909 | 31.975.683 |
| **N05BA08** | Bromazepam | 14.089.342 | 12.509.794 | 13.291.720 | 10.225.556 |
| **N05BA12** | Alprazolam | 27.119.146 | 26.115.614 | 26.167.554 | 16.801.414 |
| | **Вкупно** | **67.085.208** | **67.115.256** | **70.573.182** | **59.002.652** |
| | | | **100%** | **105%** | **84%** |

## 12. Главни заклучоци

Од овој извештај може да се констатира следното:

- Постои континуиран тренд на подобрување во снабдувањето со лекови на рецепт на осигурениците на ФЗОМ во периодот од 2008 година досега, што се гледа преку зголемените количини на обезбедени лекови за осигурениците и приближно двојно зголемените одвоени вкупни износи за лекови на рецепт на товар на ФЗОМ во периодот 2008 до 2015 година.
- Во 2015 година на товар на ФЗОМ во аптеките се реализирани 21.129.626 рецепти, со вкупен износ од 2.425.655.134 денари.
- За хронична терапија реализирани се 86,18% од вкупен број на рецепти и издвоени се 83,62% од вкупниот износ. За акутна терапија реализирани се 13,62% од вкупниот број на рецепти и издвоени се 16,24% од вкуните износи додека за наркотици се реализирани 0,20% од рецептите и за нив се издвоени 0,14% од вкупниот износ за лекови.
- Потрошувачката по број на реализирани рецепти е најголема во Подрачна служба Скопје вкупно 6.663.032 рецепти (околу 31,5%).
- Потрошувачката по ДДД/1000 осигуреници/ден е најголема во Подрачна служба Неготино вкупно 920 ДДД единици
- Потрошувачката на лекови на рецепт по вкупни износи е најголема во Подрачна служба Скопје вкупно 816.428.382,21 денари (околу 33,6%)
- На ниво на Република Македонија во 2015 година просечно се реализирани околу 11,7 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Подрачните служби Берово и Неготино, со просечно околу 17 рецепти по осигуреник.
- Најмногу рецепти по осигуреник се реализирани во Југозападниот регион, просечно 13,65 рецепти по осигуреник.
- На ниво на РМ во 2015 година просечно се издвоени по 1.345 денари по осигуреник.
- Најмногу средства по осигуреник се издвоени во Подрачна служба Охрид со околу 1.757,5 денари.
- Најголем процент на рецепти за осигуреници од вонматични подрачни служби се реализирани во Валандово со 16% од вкупниот број на рецепти во таа подрачна служба и со износ од 20% од вкупниот износ за лекови во оваа подрачна служба.
- Најпотрошувани лекови во 2015 година на АТС прво ниво се лековите од С групата (лекови кои делуваат на кардиоваскуларниот систем) и тоа по број на реализирани рецепти, по број на ДДД/1000/ден и по износи.
- Најпотрошувани лекови во 2015 година на АТС трето ниво според број на реализирани рецепти и по број на ДДД/1000/ден се АТС С09А- АЦЕ инхибиторите.
- Во однос на издвоените средства на лековите по АТС трето ниво, најмногу се издвоени за лековите од С10А - лековите кои ги намалуваат нивото на серумските липиди.
- Најкористен лек на АТС петто ниво во 2015 година според бројот на реализирани рецепти, како и во претходните години, е лекот Enalapril со вкупно 1,95 милиони реализирани рецепти, што претставува околу 9,24% од вкупно реализирани рецепти.

- Според ДДД/1000/ден во 2015 година, според АТС петто ниво исто така најкористен е лекот Enalapril со околу 88,4 ДДД/1000 осигуреници/ден.
- Како и претходните три години, според АТС петто ниво, најмногу средства се издвоени за генеричкиот лек Atorvastatin за вкупно 120,4 милиони денари или 5% од вкупното.
- Во 2015 година лековите без доплата имаат учество во вкупната потрошувачка со околу 17,08% во однос на бројот на реализирани рецепти, односно околу 39,29% во вкупниот издвоен износ за лекови.
- За скапи лекови кои се издаваат надвор од квотите на аптеките, во 2015 година вкупно се реализирале 33.857 рецепти со вкупен износ 71.207.758 денари.
- Бројот на рецепти за лекови за трансплантирани органи во 2015 година изнесува 6.547 со вкупен износ од 23.407.247 денари.
- Во 2015 година од лекарите од дежурна служба биле реализирани вкупно 5.121 рецепти со вкупен износ од 430.470 денари во 19 подрачни служби на Фондот.
- Бројот на рецепти за лекови од групата на антибиотици во 2015 година е зголемен незначително во однос на предходната 2014 година, но потрошувачката на анксиолитици по број на реализирани рецепти е зголемена за 14% во однос на предходната 2014 година, што се смета дека е заради зајакнатата примена на обврската лекови во аптека да се подигаат исклучиво со лекарски рецепт.